Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
СУ.04.бр.8/23
27.10.2023 година
Гевгелија

Претседателот на Основниот суд Гевгелија Марица Аврамчева Зафирова врз основа на чл.36 од Законот за судска служба ( Сл.весник на РМ бр.43/14), и чл.15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба ( Сл.весник на РМ бр.198/18), по спроведената постапка по објавениот јавен оглас бр.1/2023 за вработување на судски службеник на неопределено работно време, за работно место Самостоен судски референт-Водител во писарница, категорија Г, Ниво Г1, 1-еден извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување СУ.04.бр.8/23 од 20.10.2023 година, на ден 27.10.2023 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работното место Самостоен судски референт-Водител во писарница, категорија Г, Ниво Г1, 1-еден извршител на неопределено работно време во Основниот суд Гевгелија, по објавениот јавен оглас бр.1/23, се избира кандидатот:

Драгица Дуева Бучкова од Негорци

По конечноста на одлуката за избраниот кандида ќе се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Гевгелија во дневните весници “Слободен печат” и “Коха” на ден 14.09.2023 година објавен е Јавен оглас бр.1/23 за вработување на 1-еден судски службеник на неопределено работно време на работно место Самостоен судски референт-Водител во писарница, категорија Г, Ниво Г1.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување согласно чл. 35.ст.1 од Законот за судска служба и чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, за испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници, од страна на Комисијата за селекција за вработување до Претседателот на судот, доставен е Предлог на кандидат за вработување на работно место Самостоен судски референт-Водител на писарница 1(еден) извршител на неопределено време СУ.04.бр.8/23 од 20.10.2023 година.

Со Предлогот на кандидати за вработување, Комисијата за селекција за вработување ги предложи кандидатот Драгица Дуева Бучкова од Негорци која има освоено 87,53 бода од сите фази на селекцијата.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за вработување СУ.04.бр.8/23 од 20.10.2023 година, за работното место место Самостоен судски референт-Водител во писарница, категорија Г, Ниво Г1, 1-еден извршител го избира кандидатот Драгица Дуева Бучкова од Негорци

Поради горенаведеното, а врз основа на чл.36 ст.1 од Законот за судска служба следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Марица Аврамчева Зафирова

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката, преку Основен суд Гевгелија до Советот за судска служба.